РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 22. 09. 2011 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3542/1 | | |

0706
ТРАЈНО
22.09. 2011 год.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **основи на општествените науки** за IV одделение на деветгодишното основно образование за учениците со пречки во психичкиот развој.

**АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХИЧКИОТ РАЗВОЈ**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ОСНОВИ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ

**IV ОДДЕЛЕНИЕ**

Скопје, 2011

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

# 1. ВОВЕД

Според Концепцијата и наставниот план за деветгодишното основно воспитание и образование предметот основи на општествени науки е застапен во IV одделение. Наставната програма по предметот основи на општествени науки опфаќа цели и содржини од повеќе подрачја. Исто така, наставната програма се надградува на содржините и активностите на учениците во I, II и III одделение од предметот запознавање на околината. Со изучувањето на наставниот предмет се создава основа за наставата по основи на општествените науки и основи на природните науки коишто ќе ги изучуваат учениците во погорните одделенија на основното училиште.

Предметот основи на општесвените науки во IV одделение е задолжителен со 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.

## 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО V ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се поттикнува да усвојува знаење за општествената и природната околина;
- да се поттикнува да ги развива способностите за сознавање, доживување и вреднување на своето однесување и однесувањето на другите во општествената и културната средина, како и кон природната околина;
- да се воведува да ги анализира и објаснува појавите коишто се поврзани со проблеми во општествената, културната и природната средина;
- да сознава дека постои заемна поврзаност/интеракција на општествените појави;
- да се поттикнува на самостојност и за развивање на самодоверба и одговорност;
- да се поттикнува да соработува со другите и активно да учествува во решавање на настанатите проблеми;
- да ги развива способностите за:
  - комуницирање (читање, пишување, изнесување свое мислење, истражување, избирање, вреднување, толкување на информациите, споредување на мислења, слушање и сл.);
  - истражување (планирање, набљудување, класифицирање, анкетирање, уредување, споредување, користење на извори, изработка на извештаи и сл.);
  - соработка со другите (преземање улога на другите, одговорност, учество во групна работа, разбирање за другите, примање и почитување на другите, почитување на традициите и културата, грижа за другите и сл.).

# 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да ги надгради знаењата за просторот во кој живеат и работат луѓето и во кој се одвиваат нивните меѓусебни односи (семејство, дом, општина);
- да ја развие просторната ориентација на географската карта за крајот во кој живее и пошироката околина, односно општината;
- да се запознава со основните природни и географски карактеристики во пошироката околина и нивното влијание на стопанството, културата и другите области во животот и работата на луѓето;
- да ја увиди пошироката просторна ориентација на својата околина и општините во Република Македонија и нејзиното окружување (информативно);
- да го осознава и споредува сегашниот општествен живот на луѓето во семејството и пошироката околина (општината) со животот и работата на луѓето во минатото;
- да развива чувство на почит кон историското наследство и традициите во локалната заедница;
- да развива свест за припадност кон семејството, општината и поширокото општество на Република Македонија;
- да се оспособува за активно учество во истражување на минатото со помош на користење на различни извори (Интернет, музејски предмети, стари слики, книжевни творби и сл.);
- да се запознава со културата како специфична карактеристика на секојдневниот живот на човекот;
- да ги сознава и почитува културните и верските различности на луѓето во пошироката околина (општината);
- да познава примери од македонската културна традиција, како и од традициите и културата на другите заедници во Република Македонија;
- да се оспособува да истражува во непосредната околина и да користи различни облици за информирање и учење;
- да ги развива способностите за сознавање на непосредната општествена средина (семејство, пошироката околина/општина);
- да ги увидува условите за својата активност во групите со врсниците, во паралелката во училиштето и пошироката средина;
- да ги познава и разбира основните човекови права и правата и одговорностите на ученикот;
- да ги разбира начините на соработка меѓу луѓето и меѓусебната поддршка во споредба со конфликтите, како и за решавање на конфликтите.

## Тема I: Семејство, домаќинство и општество (ориентационо 28 часа)

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да ги проширува сознанијата за семејството како сродничка заедница;<br>➢ да умее да распознава основни видови на семејства;<br>➢ да ја осознае поврзаноста на семејниот живот и активностите во него со другите активности на луѓето;<br>➢ да ја увиди улогата на бракот како основа на семејството;<br>➢ да ги продлабочи знаењата за домот и домаќинството;<br>➢ да се поттикнува да ги сфати улогата, значењето функциите на домаќинството и активностите кои се извршуваат во него;<br>➢ да ги осознае карактеристиките на различните видови семејства и домаќинства;<br>➢ да ја осознае разликата помеѓу приватноста и јавноста; | Семеен живот<br><br>Семејствата низ историјата и денес<br><br>Улогите на родителите, старателите, децата<br><br>Брачен живот и брачни улоги<br><br>Видови семејства | Семејство и род<br><br>Потесно и пошироко семејство<br><br>Улога, воспитување, старател<br><br>Брак, љубов, пол<br><br>Сопружници-сопруг/сопруга | o Разговори по разгледување на семејни албуми-учениците ги посочуваат членовите на потесното семејство на фотографии.<br>o Разговори за роднините и нивната заемна поврзаност. Со внимателно избрани илустрации изготвуваат шеми на членовите на семејството, ги именуваат и го одредуваат нивното сродство (тој ми е брат, таа ми е сестра, ние имаме исти родители)- дијалошки метод).<br>o Вежби: воочување разлики- различни видови семејства (низ илустрации, слики и примери од секојдневниот живот).<br>o Изработка на родово стебло (во оваа активност пожелно е вклучување на родителите на отворен час (креативно да изготват стебло корстејќи различни материјали) - истражувачко-демонстративен метод.<br>o Разговори за домашните активности (користење адекватни фотографии и илустрации кои прикажуваат семејна атмосфера и задолженија на членовите во семејството).<br>o Посета во семејство и воочување на должностите на членовите на семејството.<br>o Омиленото катче во домот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да ја увиди својата поврзаност со општеството преку различните начини на информирање;<br>➢ да ги почитува правилата на соживот и почитување на соседите и пријателите;<br>➢ да умее да ги препознава и користи институциите во населбата;<br>➢ да ја осознае намената на јавниот простор и соодветно да се однесува на јавно место;<br>➢ да го познава релјефот на населбата и околината;<br>➢ да знае да ги определува страните на светот во населените места (картографско описменување);<br>➢ да усвои знаења за ориентација и читање на географска карта на Република Македонија;<br>➢ да ги препознава основните проблеми во населбата;<br>➢ да развива позитивни ставови за улогата на жителите во надминувањето на локалните проблеми. | Живот во домаќинството<br><br>Домаќинството и општеството | Дом, домаќинството, домаќинка, домаќин<br><br>Сопственост<br>Приватност<br>Начини на информирање<br>Дневни весници, радио, телевизија, Интернет | (дијалошки метод).<br>o Проектна активност: „Мојот родител”.<br>o Разговори: што правиме дома во текот на денот (дијалошки метод).<br>o Играње улоги: родители, деца (симулација).<br>o Опишување на правата и должностите на родителите и децата (вежба за усно изразување).<br>o Објаснување на поимот право и должност низ игра и драматизација.<br>o Разговори за правата и одговорноста на ученикот во училиштето-изработуваат кодекс на однесување-потсетник за одговорностите и правата во училиштето и го поставуваат на видно место.<br>o Вежба: заедно со родителите изработуваат правила на однесување во домот и во семејството.<br>o Објаснување на поимите „ЗАЕДНИЦА’’, „ЗАЕДНО’’. низ игра и драматизација.<br>o Истражување: Како моите родители стапиле во брак.<br>o Разговори за празниците на мајчинството, татковството, љубовта (дијалошки метод).<br>o Домашното катче на мајка ми/татко ми (вежба за усно изразување-разговор за интересите на мајката/таткото, илустрирање на тема: Ќе и/му подарам на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | мама/тато..зошто таа/тој многу сака....<br>o Играње улоги: домаќин/домаќинка.<br>o Планирање на домашниот буџет. Разговор за поделбата на работите во домот.<br>o Разговор на тема: Кој и што работи дома и на кој начин придонесува во семејството, како треба да се однесуваме кога не може да ни се исполнат барањата - се објаснуваат поимите „скромност'', „толерантност'' и сл.<br>o Разговор за начинот на трошење на личните заштеди на ученикот: кога и зошто? (дијалошки метод).<br>o Разговор: Моето однесување во рамките на домаќинството (приватноста) и надвор од домаќинството.<br>o Драматизација на соодветен текст-примери за позитивно/негативно однесување.<br>o Раговор за позитивната и негативната улога на дневните весници, радиото, теливизијата, Интернетот и сл.<br>o Препознавање и именување различни видови медиуми.<br>o Следење на примери од секојдневниот живот со користење на електронски медиуми (демонстративен метод). |

| Тема II: Живеалишта и населби (ориентационо 22 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да ја осознае функцијата на живеалиштата на луѓето и потребата од грижата за нив;<br>➢ да го разбира значењето на соседите во животот;<br>➢ да се поттикнува и воспитува за добрососедски односи; | Видови живеалишта и нивното одржување<br><br>Соседство и соседски односи | Стан/куќа/станбена зграда<br>Куќен совет<br><br>Соседство, маала, другарство, солидарност, пристојност, гостољубивост, бонтон | o Разговор на тема: Зошто живеам во куќа, а не во стан? (се користат соодветни илустрации и друг дидактички материјал).<br>o Правење илустрации за своето живеалиште, стан, куќа, станбена зграда и училиштето преку активноста „направи сам" (развивање вештини и навики-корелација со предметот техничко образование).<br>o Изработка макети на куќи и станбени згради. Учениците посочуваат во каков објект живеат, разговор на тема: како се грижиме за нашите живеалишта. |
| ➢ да ги почитува правилата на соживот и почитување на соседите и пријателите.<br>➢ да умее да ги препознава и користи институциите во населбата; | Населбите и институциите во нив | Институции, месна заедница | o Опис на соседството, релациите со соседите (вежба за усно изразување). |
| ➢ да ја осознае намената на јавниот простор и соодветно да се однесува на јавно место; | Природните фактори и животот на населбата<br><br>Проблемите во мојата населба | Јавно место | o Читање бон-тон извадоци- нивна практична презентација и примена (текст метод, монолошки и дијалошки).<br>o Користење апликации и илустрации на кои учениците посочуваат кое однесување е прифатливо во околината во која живее. |
| ➢ да го познава релјефот на населбата и околината;<br>➢ да знае да ги определува | | Релјеф<br>Географска карта | o Посета на мојата месна заедница-објаснување на поимот месна заедница- може да се користи Венов дијаграм за објаснување на поимот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| страните на светот во населените места (картографско описменување);<br>➢ да усвои знаења за ориентација во просторот според сонцето (еден или два начини за ориентација во просторот);<br>➢ да се запознае за начинот на читање на географска карта на Република Македонија;<br>➢ да ги препознава основните проблеми во населбата;<br>➢ да развива позитивни ставови за улогата на жителите во надминувањето на локалните проблеми;<br>➢ да се поттикнува активно да учествува во организирани акции во функција на подобрување на условите за живот во локалната средина. | | Географски знаци<br>Станари/жители<br><br>Загаденост, бучава, просење, сообраќајни проблеми | заедница (теренска настава).<br>o Изработка на релјеф на непосредната околина (практична вежба-групна работа).<br>o Цртање и изработка на апликации на картографски знаци (илустративно-демонстративен метод).<br>o Вежби за препознавање на картографски знаци-во овој контекст можно е користење на релјефни карти за ориентација во просторот.<br>o Индивидуално и групно детектирање на постојните проблеми во населбата преку нивно конкретизирање, на пример., поставување прашања од типот: Што ти пречи во твојата месна заедница? Како може да се реши проблемот? и сл.<br>o Драматизација и симулација на одредена ситуација „водена'' од наставникот-со личен пример демонстрира каде се фрлаат отпадоци во околината.<br>o Практични активности за решавање на одделени актуелни проблеми во населбата. |

| Тема III: Општина (ориентационо 22 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>➢ да ги запознава поимите локална заедница и локална самоуправа;<br>➢ да се запознава со организацијата на општините како локални заедници;<br>➢ да ги препознава главните органи на локалната заедница;<br>➢ да знае што е тоа граѓанин како член на локалната заедница;<br>➢ да се запознава со најважните стопански и нестопански дејности во локалната заедница;<br>➢ да се запознава со комуналните дејности во локалната заедница;<br>➢ да ја сфаќа улогата на културата во животот на локалната заедница;<br>➢ да ги познава културните институции (домови на културата, кина, театри, КУД, верски објекти);<br>➢ да се поттикнува да ги негува | Локална заедница и локална самоуправа<br><br><br><br><br><br><br><br><br>Економскиот живот во општината<br><br><br><br><br><br>Културниот живот во општината | Локална заедница<br>Локална самоуправа,<br>Општина<br>Граѓанин<br>Градоначалник<br>Совет на општината<br><br><br><br>Фирми/претпријатија<br>Работа/вработување, денари, трговија<br><br><br><br><br>Култура<br>Симболи<br>Традиција<br>Демократија<br>Власт и управување<br>Лидерство | o Посета на седиштето на локалната заедница.<br>o Разговор со претставници од општината.<br>o Посета на општината, запознавање со ингеренциите.<br>o Прошетка низ општината, воочување стопански објекти (производни капацитети) и нестопански и услужни дејности.<br>o Говорна вежба: Што работат моите родители?- илустрации и слики кои прикажуваат различни професии со кои се занимаваат луѓето.<br>o Низ игри се симулира посета на продавница, амбуланта, фризерски салон и др.<br>o Техника грозд: изработка на грозд за стопанските и нестопанските дејности во општината.<br>o Симулација на бизнис зделка (играње на улоги).<br>o Правење илустрации на општинските симболи.<br>o Говорна вежба: културните институции и/или традиции во локалната заедница (индивидуална работа).<br>o Посета на театар или музеј-објект |

| | | | |
|---|---|---|---|
| традициите и симболите на локалната заедница;<br>➢ да развива чувство на одговорност кон себе и другите;<br>➢ да се запознава со поимот демократија;<br>➢ да ги прифаќа и почитува различностите меѓу луѓето;<br>➢ да ја сфаќа улогата на лидерството;<br>➢ да ги препознава најзначајните јавни прашања и проблеми во општината;<br>➢ да стекне сознанија за начините на поставување и решавање на јавните прашања;<br>➢ да развива чувство на одговорност кон јавните потреби и прашања. | Демократскиот живот во општината<br><br>Јавни прашања и проблеми во општината | Јавно прашање<br>Социјални проблеми<br>Невработеност<br>Зависности<br>Насилство | од културата, разговор за културно-историски споменици, нивно поставување и посетување-историско сведоштво за настани кои се случиле во минатото.<br>o Разговор за должностите и одговорностите на ученикот и наставникот во училишната заедница.<br>o Разговор за пожелните карактеристики на градоначалникот.<br>o Симулација на избори за градоначалник (играње улоги).<br>o Теренска настава: посета на Советот на општината.<br>o Разговор за различностите помеѓу луѓето во локалната заедница.<br>o Изработка на Т-табела со воочување на јавните проблеми и предлози за нивно разрешување во општината-вклучување на претставници од општините за автентично толкување на нивните ингеренции. |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Препораки за користење на годишниот фонд на часови - 72 часа годишно, 2 часа неделно.

По наставни теми се предлага:
Семејство, домаќинство, и општество - 28 часа;
Живеалишта и населба - 22 часа;
Општина - 22 часа.

Препораки за наставните средства:

- учебник избран на ниво на училиште за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- други извори на учење од непосредната околина - примери на појави, настани, предмети и сл. во семејството, населбата, блиската околина и општината и општеството во целина како и за односите меѓу луѓето;
- енциклопедии, речници, атласи, карти и сл.;
- Интернет, образовни софтвери, списанија и сл.;
- аудио-визуелни средства (графоскоп, дигитална камера, телевизор, ДВД-плеер, видеоплеер, компјутер, ЛЦД проектор и други средства).

Важно е наставниот процес да биде заснован:

- на секојдневните реални состојби и прашања кои произлегуваат од непосредната лична и општествена околина на учесниците;
- холистичка, интердисциплинарна и интерактивна обработка на наставните содржини;
- насочување кон поврзување на сознанијата за поимите со конкретните односи и појави во семејството, локалната заедница и општината;

- насочување кон планирање и преземање на активности во непосредната околина;
- поттикнување на споредбен пристап во обработката и презентирањето на информации за појавите и другите сознанија на учениците.

За постигање на целите треба да се користат соодветни наставни форми, од индивидуалната работа, работа во парови и групната работа. Во разработката на наставните содржини соодветно треба да се користат следниве методи и активности: проектна настава, проблематска настава, посети и разговори, играње на улоги и симулација, усна и писмена презентација. Се препорачуваат, исто така, и екскурзии, кога е тоа можно. Наставникот е самостоен при изборот на начините и пристапите во реализацијата на наставната програма.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следење на постигањата на учениците

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето. Во програмата се наведуваат начините на следење и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставните теми низ активностите на учениците во кои спаѓаат и активностите поврзани со водењето на портфолио за ученикот со задачи, извештаи од истражувачките активностите и сл. Други средства и постапки за следење и оценување: говорни вежби; разговор-дијалог наставник-ученик; работни листови; тестови на знаења. Постигањата на учениците се оценуваат комбинирано со описни и бројчани оценки во текот на наставата, а на крајот на наставната година со бројчана оценка.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II, III, IV одделение и за наставните средства за IV одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по општество во четврто одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

**Изготвил:** работна група,
координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието-Скопје
**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на Сектор во Бирото за развој на образованието-Скопје

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по основи на општествените науки за четврто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со пречки во психичкиот развој, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-4432/7
13.09 2011 год.
СКОПЈЕ

Министер,

м-р Панче Кралев